Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 13.03.2020

На 13.03.2020 во 01.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Загребска" го лишиле од слобода А.А.(23) од с.Јеловјане, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашката материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.03.2020 во 13.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје во населбата Хиподром го лишиле од слобода Џ.Л.(40) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.03.2020 во 21.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Градски парк го лишиле од слобода Е.А.(19) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на 12.03.2020 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности, при што се санкционирани: двајца возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, пет возила бидејќи биле нерегистрирани и еден возач поради недавање првенство на минување на пешаци. Исто така, во текот на изминатиот ден 64 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

Полициски службеници од СВР Битола на 12.03.2020 извршиле контрола на возилата за брзина, алкохол, зборување на мобилен телефон, техничка неисправност, поседување возачка дозвола. Притоа, било констатирано дека шест возачи управувале возило со поголема брзина од дозволената, на мобилен телефон разговарале тројца возачи, нерегистрирани биле две возила, а возачка дозвола не поседувале девет возачи. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 12.03.2020 во 15.20 часот било пријавено дека на крстосницата од ул. „Александар Урдаревски" и ул.„9" во с.Мирковци, товарно возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, управувано од К.Д.(57) од Велес, удрило во велосипед управуван од 15-годишен малолетник од Скопје. Во незгодата, малолетникот се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 12.03.2020 на крстосница од ул.„Васко Карангелевски" и ул.„Игнат Атанасовски " во Битола, непознато возило удрило во велосипедистот И.Б.(50) од Битола и го напуштило местото. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот и бил пренесен во Клиничката болница Битола за укажување лекарска помош. Увид извршила екипа од СВР Битола.

На 12.03.2020 во 13.35 часот во Полициската станица Карпош, М.С.(41) од Скопје пријавила дека на ул.„Римска" нејзиниот седумгодишен син бил каснат од две кучиња скитници.

На 12.03.2020 во 10.50 часот било пријавено дека на ул.„Поп Аврамија" во Прилеп, товарно возило „пежо боксер", со прилепски регистарски ознаки, управувано од Р.Ј.(46) од Прилеп, при разминување со непознато возило со десниот ретровизор удрил во дрвена необележана талпа од скеле, која била надвор од оградниот ѕид, по што од скелето паднал градежниот работник Т.Т.(67) од Прилеп. Во незгодата Т.Т. се здобил со тешки телесни повреди по што бил пренесен во Општата болница Прилеп за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 12.03.2020 во 17.00 часот во Полициската станица Аеродром, Д.А.(25) од Прилеп пријавил дека на ул.„Пандил Шишков" бил каснат од куче скитник во пределот на десната рака.

Одделението за внатрешни работи Струга поднесе кривична пријава против И.Д.(25) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". Тој, на 17.02.2020 пред казино на ул.„Маршал Тито" во Струга истурил запалива течност и со секира замавнал кон работник на обезбедувањето, кој се обидел да го спречи да ја запали течноста.

На 12.03.2020 во 20.40 часот во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид од слобода го лишиле Б.С.(43) од Тетово, за кого била распишана потерница од Казнено поправната установа - Затвор Скопје. Тој бил пренесен во Скопје и предаден на затворските служби.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д.Р.(46) од охридското село Подмоље, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". Тој, на 26.11.2019 на социјалната мрежа „Фејсбук" напишал недолични коментари, ширел расистички и ксенофобичен пишан материјал со што поттикнувал омраза, дискриминација или насилство, предизвикувајќи чувство на страв и несигурност.

На 12.03.2020 во 13.40 часот на бул.„Гоце Делчев" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Т.Ѓ.(54) и З.Т.(42), двајцата од Скопје, поради тоа што под дејство на алкохол се однесувале агресивно кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 12.03.2020 во 11.00 часот во СВР Скопје, С.М.(66) од с.Петровец, скопско, пријавил дека на 11.03.2020 околу 19.00 часот во семејната куќа на во с.Петровец забележал дупка на ролетна, а под нејзе пронашол куршум. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје, која го подигнала проектилот за понатамошна постапка.

На 12.03.2020 во 21.26 часот во СВР Скопје, Д.Д.(35) од Скопје пријавил дека околу 21.00 часот пред угостителски објект на ул.„Анастас Митрев",бил физички нападнат од С.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.03.2020 во 23.30 часот во СВР Скопје, Н.З.(44) од с.Морани, скопско, пријавила дека по семејни недоразбирања од дома се оддалечил нејзиниот син О.З.(16) од с.Морани. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 12.03.2020 година С.А.(57) од Кичево пријавила дека на бул. „Ослободување" во Кичево била касната од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 13.03.2020 во 03.40 часот на бул.„Јане Сандански" во Скопје, патничко возило „рено клио", со велешки регистарски ознаки, не застанало на даден знак од полициски службеници и продолжило кон Железничката станица. Веднаш биле упатени дополнителни служби за да се запре возилото, но тоа успеало да ги одбегне патролите и се упатило по бул.„Гоце Делчев" во правец кон крстосница со ул.„Беласица". Во близина на МТВ, возилото удрило во патничко моторно возило „дачија дастер", сопственост на МВР, по што возилото продолжило во правец кон нас.Керамидница и по кратко време возачот изгубил контрола и удрил во бетонски жардињери и запрел. Притоа, со повреди се здобил совозачот, а возачот излегол и скокнал во реката Вардар во обид да им избега на полициските службеници. За кратко време бил изваден од реката, по што и двете лица биле пренесени во Градската општа болница „8 Септември" за укажување на лекарска помош и било утврдено дека биле од Алжир. Возилото кое го управувале, го одзеле во текот на ноќта од с.Градец, валандовско. Се работи на расчистување на случајот.

На 12.03.2020 околу 18.30 часот во СВР Скопје, С.Р.(42) од с.Марино, скопско, пријавила дека на ул.„500" во с.Марино била касната од куче скитник во пределот на десната рака.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.М.(40) и 16-годишен малолетник, двајцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 11.03.2020 во близина на крстосница на ул.„Воденска" во Тетово, полициски службеници го сопреле патничкото возило „ауди", во кое биле пријавените, по што тие физички ги нападнале полициските службеници.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет